709

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Архивски број: 15-3694/2

Дата: 28-07-2021

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 03.08.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 24 | 4719/3 | | |

**ДО: Министерство за транспорт и врски**
**Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4**
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: **Мислење по Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина**
Врска:ваш бр. 24-4719/3 од 09.07.2021 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под **бр. 15-3694/1 од 16.07.2021** год. и по доставениот Нацрт Извештај за стратегиска оценка на животната средина **за ДУПД за изградба на бензиска пумпна станица со пратечки објекти покрај патот Р 1303 Прилеп - Македонски Брод – Кичево во к.о. Ропотово на КП бр. 1954/2, КП бр. 1954/3, КП бр. 1954/4, КП бр. 1956, дел од КП бр. 2222, – Општина Долнени,** а врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот.

Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина, односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на Урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.



Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Scanned with CamScanner